УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
BlokMax/БлокМак 50 mg/g гел
(ibuprofen)

Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.
Секогаш употребувајте го овој лек точно онака како што е опишано во ова упатство или како што Ви кажал Вашиот доктор или фармацевтот.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации или совет.
- Ако забележите некоја несакана појава, известете го Вашиот доктор или фармацевтот. Тоа се однесува и на несаканите појави коишто не се наведени во ова упатство. Видете го делот 4.
- Ако се чувствувате полошо или ако не се чувствувате подобро по 7 дена, задолжително обратете се кај доктор.

Упатството содржи:

1. Што претставува БлокМакс и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите БлокМакс
3. Како да се употребува БлокМакс
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува БлокМакс
6. Содржина на пакувањето и други информации

1. ШТО ПРЕТСТАВУВА БЛОКМАКС И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Лекот БлокМакс 50 mg/g гел како активна супстанција содржи ибупрофен, којшто спаѓа во групата нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ). Ибупрофенот ја ублажува болката и ги намалува воспалението и отекувањето.
Гелот БлокМакс се употребува како локална симптоматска терапија за ублажување ревматски и мускулни болки, болки во грбот, болки и отекувања предизвикани од исчашувања, истегнувања и од спортски повреди, болки при невралгија и болки при благи до умерени артритични состојби.

2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ БЛОКМАКС

Не употребувајте БлокМакс:
- ако сте алергични на ибупрофен или на некоја помошна состојка на лекот (наведени во делот 6);
- ако некогаш сте имале алергиска реакција (на пр., бронхоспазма, астматичен напад, ангиоедем, исип, ринитис) на аспирин, на ибупрофен или на некој друг нестероиден антиинфламаторен лек (НСАИЛ);
- ако сте во третото тримесечје од бременоста;
- кај деца под 12-годишна возраст;
- врз повредена, оштетена или врз воспалена кожа или на отворени рани.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Предупредувања и мерки на претпазливост

Советувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт пред да го употребите гелот БлокМакс ако:
- имате или ако сте имале астма или некое алергиско заболување;
- имате или ако сте имале чир или друг проблем со желудникот или со цревата;
- имате или ако сте имале проблеми со бубрезите;
- сте во првото или во второто тримесечје од бременоста;
- доите.

Ако по примената на гелот Ви се појави исип, престанете да го употребувате.
Заштитете го третираното место од директна сончева светлина и од вештачки извори на светлина за да избегнете појава на реакција на осетливост (како на пр. исип).

Други лекови и БлокМакс

Известете го Вашиот доктор или фармацевтот ако употребувате, ако неодамна сте употребувале или ако треба да употребувате некои други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.
Гелот БлокМакс може да влијае на дејството на некои други лекови, но и другите лекови може да влијаат на лекот БлокМакс, доколку се примаат истовремено.
Известете го Вашиот доктор ако употребувате некој од следните лекови:
- лекови за снижување на крвниот притисок;
- лекови за разредување на крвта;
- аспирин или нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ).

Бременост, доење и плодност
Ако сте бремена, ако мислите дека сте бремена, ако планирате да забремените или ако доите, советувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт пред да го употребите овој лек.

Во текот на првото и на второто тримесечје од бременоста, како и кај жени кои дојат, овој лек смее да се употребува само по препорака од доктор и тоа само на мала површина од кожата и краток временски период.
Овој лек не смее да се употребува во третото тримесечје од бременоста.

Влијание врз способноста за возење и за ракување со машини
Нема податоци коишто укажуваат дека локално применетиот ибупрофен влијае врз способноста за возење и за ракување со машини.

Важни информации за некои состојки на БлокМакс
Гелот БлокМакс содржи 0,1 g пропилен гликол и 0,3 g етанол (алкохол) во 1 g гел.
Не се приближувајте до извори на топлина или до пламен (до некои апарати, како на пр. фен за коса, греалка, запалена цигара поради опасност од изгореници. Исто така, ткаенините што биле во контакт со гелот се лесно запаливи и полесно горат.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА • AGJENCIA E ILAÇEVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА БЛОКМАКС

Секогаш употребувајте го овој лек точно онака како што е опишано во ова упатство или како што Ви кажал Вашиот доктор или фармацевтот. Консултирајте се со Вашиот доктор или со фармацевт ако не сте сигурни за нешто.

Гелот БлокМакс е наменет само за локална примена врз кожата.
Никогаш не го внесувајте гелот преку устата.
Гелот треба прво да се проба на мала површина од кожата.

Возрасни, постари лица и деца над 12-годишна возраст
Истиснете 1,5 – 4 cm од гелот од тубата и лесно втријте го на заболеното место, додека не се впие. Количеството истиснат гел одговара на 50 – 125 mg ибупрофен. Гелот не смее да се применува во интервал пократок од 4 часа ниту повеќе од 4 пати во текот на 24 часа. Максималната дневна доза е 500 mg ибупрофен.
Наведеното дозирање не смее да се пречекорува.

По секоја примена на гелот, рацете треба веднаш да се измијат (освен во случаите кога рацете се местото што се третира).

Гелот треба да се употребува само на здрава и неоштетена кожа.

Треба да се избегнува секаков контакт на гелот со очите, усните, слузокожата, со гениталиите и со оштетена или со воспалена кожа. Сепак, ако тоа се случи, местото треба обилно да се измие со чиста вода.

На истото место на коешто се нанесува гелот не треба да се нанесуваат и други препарати за локална употреба.

Да не се употребува под завои, фластери или под газа.

Гелот БлокМакс треба да се применува според препораките од ова упатство, најдолго 7 дена. Ако по 7 дена од терапијата нема подобрување или ако симптомите се влошат (во кое било време во текот на терапијата), побарајте совет од доктор.

Деца под 12-годишна возраст

Лкеот не се употребува кај деца под 12-годишна возраст.

Што треба да преземете ако случајно проголтате од гелот БлокМакс
Ако проголтате колкаво било количество од гелот БлокМакс, темелно исплакнете ја устата со вода и обратете се кај доктор или во најблиската болница, колку што е можно побргу. Земете го со Вас пакувањето со преостанатиот гел или ова упатство.

Ако случајно истиснете поголемо количество од гелот отколку што е препорачано, отстранете го вишокот од гелот

Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, прашајте го Вашиот доктор или фармацевтот.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKESORE
SHKUP
СКОПЈЕ

4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови и БлокМакс може да предизвика несакани дејства, иако тие не се појавуваат кај сите пациенти.

Секој лек може да предизвика алергиска реакција, а сериозните алергиски реакции се ретки. Ако забележите ненадејно свирење при дишењето, тешкотии при дишењето, отекување на очните капаци, лицето или на усните или јадеж (особено ако е проширен на целото тело), веднаш појдете на доктор.
Можни се и следните несакани дејства:
- јадеж или црвенило на кожата;
- чувство на жарење;
- болни или влажни кожни промени;
- болка во стомакот (болка во желудникот) или други невообичаени стомачни симптоми;
- проблеми со бубрезите (особено кај пациенти кои имале некоја бубрежна болест во минатото)
- кожата станува чувствителна на светлина (честотата не може да се процени од достапните податоци).

Ако кое било несакано дејство станува сериозно или ако забележите несакано дејство коешто не е наведено во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевтот.

Пријавување на несаканите дејства
Ако ви се појават какви било несакани дејства, разговарајте со вашиот лекар, медицинска сестра или фармацевт. Тоа се однесува и за можните несакани дејства кои не се наведени во ова упатство. Исто така, можете директно да ги пријавите несаканите дејства преку Националниот Центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54, кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/. Со пријавување на несаканите дејства може да помогнете во добивањето повеќе информации за безбедноста на овој лек.

5. КАКО ДА СЕ ЧУВА БЛОКМАКС

Лекот треба да се чува на температура под 25 °C.
Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!
Чувајте ја тубата со лекот цврсто затворена.
Не го употребувајте лекот БлокМакс по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

6. СОДРЖИНА НА ПАКУВАЊЕТО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

Што содржи БлокМакс

- *Активна супстанција*: ибупрофен.

1 g гел содржи 50 mg ибупрофен.

- *Помошни супстанции*: карбомер 940, диизопропаноламин, левоментол, пропилен гликол, етанол 96 %, прочистена вода.

Изглед на лекот БлокМакс и содржина на пакувањето

Безбоен до жолтеникав хомоген и бистар гел. Гелот е спакуван во алуминиумска туба затворена со бел пластичен затворач.

Кутијата содржи 1 туба со 50 g гел и упатство за корисникот.

Начин на издавање на лекот

Лекот може да се издава и/или да се продава без лекарски рецепт (БР).

Број и датум на решението за промет

Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет

АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски 12
1 000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

Датум на последната ревизија на упатството

Јуни, 2021

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKESORE • SHKUP • СКОПЈЕ